Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ**

Се прогласува Законот за судовите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2006 година.

Број 07-1912/1
5 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА СУДОВИТЕ

## I. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 1

(1) Судската власт ја вршат судовите во Република Македонија.

(2) Судовите се самостојни и независни државни органи.

Член 2

(1) Судовите судат и своите одлуки ги заснoваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

(2) Судиите во примената на правото ги заштитуваат човековите слободи и права.

Член 3

Целите и функциите на судската власт опфаќаат:

- непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките,

- заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи, -

обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и -

обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.



www.pravdiko.com

Член 4

Судот одлучува во постапка пропишана со закон:

- за правата на човекот и граѓанинот и правно заснованите интереси, - за споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти,
- за кривични дела и прекршоци и
- за други работи што со закон се ставени во надлежност на судот.

Член 5

(1) Судовите ги штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти доколку тоа според Уставот не е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија.

(2) На граѓаните и другите правни субјекти им се гарантира судска заштита во однос на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа или организации и други органи што вршат јавни овластувања.

Член 6

(1) Секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

(2) При одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок пред независен и непристрасен суд основан со закон.

(3) Никому не може да му биде ограничен пристапот пред судовите во заштитата на основните права и слободи поради недостиг на материјални средства.

Член 7

Предметите што доаѓаат во судот на одлучување се распределуваат меѓу судиите според времето на приемот на предметот во судот, со исклучување на секакво влијание врз начинот на распределба од страна на претседателот на судот, судијата или судската администрација.

Член 8

(1) Судот се повикува на судска ненадлежност само кога со закон изрично е предвидена надлежност за решавање на конкретно барање на друг државен орган.

(2) Судот не може да отфрли барање за остварување на определено право со образложение дека постои правна празнина и должен е да одлучува по него, со повикување на општите начела на правото, освен кога тоа изрично е забрането со закон.

Член 9

Никој не е изземен од судската власт, освен кога со Уставот и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се утврдени случаи на имунитет пред судската власт.

Член 10

(1) Постапката пред судот се уредува со закон и се заснова врз следниве начела: - законитост и легитимност,
- рамноправност на странките,
- судење во разумен рок,



www.pravdiko.com

- правичност,
- јавност,
- контрадикторност,
- двостепеност,
- зборност,
- усност,
- непосредност,
- право на одбрана, односно застапување,
- слободна оцена на доказите и
- економичност.

(2) Со законите за одделните постапки поблиску се уредуваат начелата на постапките, начините на нивното остварување и можното отстапување кај одделни начела.

Член 11

(1) Судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите.

(2) Се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Член 12

(1) Работата во судовите по правило се врши во специјализирани судски оддели.

(2) Специјализираните судски оддели се формираат во зависност од видот и обемот на работа во судот, и тоа во кривична област, малолетнички криминалитет, граѓанска и стопанска област, работни спорови и за други покарактеристични видови спорови од делокругот на работата на судовите.

(3) Во рамките на специјализираниот судски оддел се остварува специјализација на судиите.

Член 13

(1) Судските одлуки се изрекуваат во името на граѓаните на Република Македонија.

(2) Правосилната судска одлука има неприкосновено правно дејство.

(3) Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

(4) Судските одлуки се задолжителни за сите правни и физички лица и имаат поголема сила во однос на одлуките на кој и да е друг орган.

(5) Секој е должен да ја почитува правосилната и извршната судска одлука под закана на законски санкции.

Член 14

Секој е должен да се воздржува од сторување или од пропуштање на дејствие со кое се попречува донесувањето или извршувањето на судската одлука.

Член 15

Секој државен орган е должен, кога тоа е ставено во негова надлежност, да го обезбеди извршувањето на судската одлука. Надзорот над извршувањето на судските одлуки го врши судот во согласност со закон.



www.pravdiko.com

Член 16

Извршувањето на правосилна и извршна судска одлука се спроведува на најбрз и најефикасен можен начин, и тоа не може да биде попречено со одлука на кој било друг државен орган.

Член 17

Никој не смее неовластено да задржи, прикрие или отвори судско писмено или друга судска пратка што не му е упатена нему.

Член 18

(1) Судот поднесува иницијатива за поведување на постапка за оценување на согласноста на законот со Уставот кога во постапката ќе се постави прашање за негова согласност со Уставот, за што ги известува непосредно повисокиот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Кога судот смета дека законот што треба да се примени во конкретниот случај не е во согласност со Уставот, а уставните одредби не можат директно да се применат, ќе ја прекине постапката до донесувањето одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

(3) Против одлуката со која се запира постапката во случаите од ставот (2) на овој член, странката има право на жалба. Постапката по жалбата е итна.

(4) Кога судот смета дека примената на законот во конкретниот случај е во спротивност со одредбите на меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот ќе ги примени одредбите од меѓународниот договор, под услов тие да можат директно да се применат.

(5) Судот во конкретните случаи непосредно ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, на Меѓународниот казнен суд или на друг суд, чијашто надлежност ја признава Република Македонија, ако одлуката е подобна за извршување.

Член 19

(1) Судовите се должни меѓусебно да си укажуваат правна помош.

(2) Судот од повисок степен може да бара од судот со понизок степен од своето подрачје податоци во врска со примената на законите, проблемите кои се јавуваат во судењето, следењето и уедначувањето на судската практика, оддолжување на постапката по одделни предмети и други податоци, а може да изврши и друг увид во работата на тие судови, како и да одржува заеднички состаноци заради разгледување на наведените прашања.

(3) Судот од повисок степен во остварувањето на овластувањата од ставовите (1) и (2) на овој член, не смее на кој било начин да влијае на независноста и самостојноста на судот од понизок степен во донесувањето на одлуките во конкретни предмети.

Член 20

(1) По барање на судот во вршењето на неговата надлежност, државните органи и другите правни лица се должни без одлагање да му ги достават сите потребни податоци, списи или исправи со кои располагаат, а кои се потребни во постапката.

(2) Судот е должен да ја чува од неовластено откривање класифицираната информација со соодветен степен на тајност утврдена согласно со закон, прибавена од други државни органи или правни лица.



www.pravdiko.com

(3) По барање на државен орган и други правни лица, судот укажува правна помош и доставува списи потребни за водење на постапката, ако со тоа не се попречува неговата самостојност и независност.

Член 21

Судовите даваат правна помош на странски судови во постапка утврдена со закон, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТ

### 1. Видови на судови

Член 22

Во судскиот систем судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

Член 23

(1) Основните судови се основаат за една или повеќе општини чие подрачје е определено со овој закон.

(2) Основните судови согласно со стварната надлежност судат во прв степен и се основаат како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност.

(3) Во рамките на основните судови со проширена надлежност се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови на спорови.

(4) Основните судови можат да имаат судски одделенија, да судат надвор од седиштето на судот, како и да имаат судски денови надвор од седиштето на судот.

Член 24

(1) Апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен определени со овој закон.

(2) Седиштата на апелационите судови се во Битола, Гостивар, Скопје и Штип.

Член 25

(1) Управниот суд се основа и ја врши судската власт на целата територија на Република Македонија.

(2) Седиштето на Управниот суд е во Скопје.

Член 26

(1) Врховниот суд на Република Македонија ја врши судската власт на целата територија на Републиката.

(2) Седиштето на Врховниот суд на Република Македонија е во Скопје.

Член 27

(1) Судот има печат во кој е содржан називот на судот, неговото седиште, грбот и името Република Македонија.



www.pravdiko.com

(2) На зградата во која е сместен судот истакнати се името Република Македонија, називот на судот, седиштето на судот, грбот и знамето на Република Македонија.

(3) Во судовите чие седиште е на подрачјето на единиците на локалната самоуправа во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо друг службен јазик и неговото писмо е јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, печатот на судот, називот и седиштето на судот се напишани, односно истакнати и на тој јазик и писмо.

## 2. Месна надлежност

Член 28

(1) Основните судови се основаат за следниве подрачја на општини:

1. Основен суд во Берово за подрачјето на општините: Берово и Пехчево;

2. Основен суд во Битола, за подрачјето на општините: Битола, Могила Новаци и Демир Хисар, со Судско одделение во Демир Хисар;

3. Основен суд во Виница за подрачјето на општината Виница;

4. Основен суд во Велес за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка;

5. Основен суд во Гевгелија за подрачјето на општините: Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово, со Судско одделение во Валандово;

6. Основен суд во Гостивар за подрачјето на општините: Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша;

7. Основен суд во Дебар за подрачјето на општините: Дебар и Жупа;

8. Основен суд во Делчево за подрачјето на општините: Делчево и Македонска Каменица;

9. Основен суд во Кавадарци за подрачјето на општините: Кавадарци и Росоман;

10. Основен суд во Кичево за подрачјето на општините: Кичево, Вранештица, Другово, Зајас, Осломеј, Пласница и Македонски Брод, со Судско одделение во Македонски Брод;

11. Основен суд во Кочани за подрачјето на општините: Кочани, Зрновци, и Чешиново - Облешево;

12. Основен суд во Кратово за подрачјето на општината Кратово;

13. Основен суд во Крива Паланка за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце;

14. Основен суд во Куманово за подрачјето на општините: Куманово, Липково и Старо Нагоричане;

15. Основен суд во Крушево за подрачјето на општината Крушево;

16. Основен суд во Неготино за подрачјето на општините: Неготино и Демир Капија;

17. Основен суд во Охрид за подрачјето на општините: Охрид и Дебарца;

18. Основен суд во Прилеп за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени и Кривогаштани;

19. Основен суд во Радовиш за подрачјето на општините: Радовиш и Конче;

20. Основен суд во Ресен за подрачјето на општината Ресен;

21. Основен суд во Свети Николе за подрачјето на општините: Свети Николе и Лозово;

22. Основен суд Скопје I - Скопје за подрачјето на општините: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир , Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново;



www.pravdiko.com

23. Основен суд Скопје II - Скопје за подрачјето на општините: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир , Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново;

24. Основен суд во Струга за подрачјето на општините: Струга и Вевчани;

25. Основен суд во Струмица за подрачјето на општините: Струмица, Василево, Босилово и Ново Село;

26. Основен суд во Тетово за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце и

27. Основен суд во Штип за подрачјето на општините: Штип, Карбинци и Пробиштип, со Судско одделение во Пробиштип.

(2) Судското одделение на основниот суд врши надлежности на основен суд за подрачјето на општините за кои е основано.

(3) Во случај на формирање на нови општини, подрачјата на судовите определени од ставот (1) на овој член остануваат непроменети.

Член 29

Апелационите судови се основаат за следниве подрачја:

1. Апелационен суд во Битола за подрачјата на основните судови во Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга;

2. Апелациониот суд во Гостивар за подрачјата на основните судови во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар;

3. Апелационен суд во Скопје за подрачјата на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје и

4. Апелационен суд во Штип за подрачјата на основните судови во Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

## 2. Стварна надлежност на судовите

Член 30

(1) Основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во прв степен по кривични дела и прекршоци, и тоа:

- за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд,

- за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност,

- да спроведуваат истрага или истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност,

- за сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и

- за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови.

(2) Основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови, и тоа:



www.pravdiko.com

- за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 15.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,

- за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак,

- за законска издршка,

- за чување и воспитување на деца,

- за смеќавање на владение,

- за доживотна издршка,

- за надоместок на штета која не надминува 15.000 евра во денарска противвредност, - во постапка за обезбедување и извршување,

- за работни односи,

- во спорови од наследно-правни односи,

- во вонпарнични и оставински работи,

- да водат тапии и

- за други работи утврдени со закон.

Член 31

(1) Основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат по кривични дела, и тоа :

- за оние за кои со закон е предвидена казна затвор над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од малолетни лица,

- да спроведуваат истрага и истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност,

- да постапуваат по предмети за екстрадиција,

- по жалби и приговори за постапките за кои се надлежни и

- да решаваат за постапки за меѓународна правна помош утврдена со закон.

(2) Основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат по граѓански спорови, и тоа:

- за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 15.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,

- во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост,

- водат судски регистар за политички партии,

- во постапка за стечај и ликвидација,

- во спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување и

- за спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи.

(3) Надлежноста од ставовите (1) и (2) на овој член ќе ја вршат судовите, и тоа: Основниот суд во Битола и за подрачјето на Основниот суд во Ресен; Основниот суд во Прилеп и за подрачјето на Основниот суд во Крушево; Основниот суд во Охрид и за подрачјето на Основниот суд во Охрид; Основниот суд во Гостивар и за подрачјето на основните судови во Кичево и Дебар; Основниот суд во Тетово и за подрачјето на Ос-



www.pravdiko.com

новниот суд во Тетово; Основниот суд во Куманово и за подрачјето на основните судови во Крива Паланка и Кратово; Основниот суд во Кочани и за подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево; Основниот суд во Велес и за подрачјето на основните судови во Гевгелија, Кавадарци и Неготино; Основниот суд во Струмица и за подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Штип и за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе.

Член 32

(1) Во основните судови во Битола, Тетово, Скопје I, Струмица и Штип се формираат специјализирани судски одделенија надлежни за судење на дела од областа на организираниот криминал, и тоа: Основниот суд во Битола со надлежност на подрачјето на основните судови во Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга; Основниот суд во Тетово со надлежност на подрачјето на основните судови во Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар; Основниот суд Скопје I со надлежност на подрачјето на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје; Основниот суд во Струмица со надлежност на подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Штип со надлежност на подрачјето на основните судови во Берово, Виница, Делчево, Кочани и Свети Николе.

(2) Судовите од ставот (1) на овој член се надлежни за водење на судски регистар за политички партии од своето подрачје.

(3) Основниот суд Скопје I - Скопје е кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

(4) Основниот суд Скопје II - Скопје е граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

Член 33

Апелационите судови се надлежни :

1) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје;

2) да решаваат за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и

3) да вршат други работи определени со закон.

Член 34

Управниот суд е надлежен да решава:

- за законитоста на поединечните акти донесени во изборната постапка и на поединечните акти за избори, именувања и разрешувања на носители на јавни функции, ако тоа е определено со закон, како и за актите за именување, назначување и разрешување на раководни државни службеници, ако поинаку не е определено со закон,

- за законитоста на актите на државните органи, Владата и на носителите на јавни овластувања, донесени во форма на пропис ако тие ги уредуваат поединечните односи,

- за спор што ќе произлезе од спроведувањето и извршувањето на одредбите на концесиските договори, договорите за јавни набавки кои се од јавен интерес, и за секој договор во кој една од страните е државен орган, организација со јавни овластувања,



www.pravdiko.com

јавно претпријатие, општините и градот Скопје склучен од јавен интерес или заради вршење јавна служба (во понатамошниот текст: управни договори),

- против поединечни акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршењето на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен против таквиот акт, не е обезбедена друга правна заштита и

- одлучува за судир на надлежности меѓу органите на Републиката, меѓу општините и градот Скопје, меѓу општините на градот Скопје и по споровите настанати за судир на надлежности меѓу општините и градот Скопје и носителите на јавните овластувања, ако тоа е предвидено со закон, доколку со Уставот или законите не е предвидена поинаква судска заштита.

Член 35

Врховниот суд на Република Македонија е надлежен :

1) да решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;

2) да решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови;

3) да решава во втор степен по жалба на одлука на Управниот суд во случаите предвидени со закон;

4) да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;

5) да решава за судир на надлежност меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, судир на надлежност меѓу апелациони судови, судир на надлежност меѓу Управниот суд и друг суд и да решава за пренесување на месна надлежност кај овие судови;

6) да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија и

7) да врши други работи определени со закон.

Член 36

(1) Странката која смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до непосредно повисокиот суд.

(2) Непосредно повисокиот суд постапува по барањето во рок од шест месеца од неговото поднесување и одлучува дали пониските суд го повредил правото за судење во разумен рок.

(3) Ако повисокиот суд утврди повреда на правото за судење во разумен рок со решението ќе досуди праведен надоместок за подносителот на барањето.

(4) Правичниот надоместок паѓа на товар на Судскиот буџет.

Член 37

(1) Врховниот суд на Република Македонија на општа седница:

- утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите по сопствена иницијатива или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите,



www.pravdiko.com

- дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење за работата на судовите,

- разгледува прашања во врска со работата на судовите, примената на законите и судската практика,

- донесува деловник за својата работа,

- донесува програма за работа на судот,

- поднесува предлог до Судскиот совет на Република Македонија за времено упатување на судија во друг суд,

- поднесува барање за поведување на дисциплинска постапка против судија,

- поднесува барање за поведување на постапка за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиска функција,

- поднесува иницијатива за поведување на постапка пред Судскиот совет на Република Македонија за утврдување на трајно загубена способност за вршење судиска функција,

- именува состав на Советот за одлучување по жалби против решение на Судскиот совет за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка,

- решава по барања за заштита на законитоста против одлуките на своите совети,

- одлучува по барање за изземање на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија,

- го разгледува извештајот за својата работа и извештаите за работата на судовите во Република Македонија од аспект на ажурноста и квалитетот на работата, донесува заклучоци по нив и се грижи за нивно спроведување и

- врши и други работи утврдени со закон.

(2) Начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на Република Македонија.

## III. СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

### Член 38

(1) Судиската функција ја вршат судии. Судијата се избира без ограничување на траење на мандатот.

(2) Судиите постапуваат во сите работи што со закон се ставени во судска надлежност.

(3) Во судењето учествуваат и судии-поротници кога тоа е утврдено со закон.

### Член 39

(1) Судиската функција судијата ја врши во судот во кој е избран.

(2) Судијата по правило се избира да суди во соодветни области.

(2) Судијата не може да биде преместен од еден во друг суд против негова волја.

(4) Распоредот на судиите се врши со годишен распоред за работа кој го утврдува претседателот на судот по претходно прибавено мислење од седницата на судиите, односно општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, водејќи сметка за определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, стопанска, управна и друг вид правна област.

(5) При определувањето на претседатели на специјализираните одделенија и оддели се почитува судискиот стаж и резултатите во работењето.



www.pravdiko.com

(6) Судијата не може да биде преместан од еден во друг судски оддел против негова волја.

(7) Судијата може да бара преместување од еден во друг оддел.

(8) По исклучок, судијата може да биде распореден во друг судски оддел против негова волја со писмено образложена одлука на претседателот на судот, а по претходно прибавено мислење од седницата на судиите, кога тоа го бара зголемениот обем и предметот на работа во судот, но најдолго за време од една година.

(9) По исклучок, судија на апелационен суд и на основен суд може да биде времено упатен, но најдолго за време од една година да суди во друг суд од ист степен или во понизок суд или од еден во друг специјализиран оддел, кога поради спреченост и иземање на судија или поради значително зголемен обем на работа, намалена ажурност или поради сложеност на предметите е доведено во прашање тековното работење на судот.

(10) Временото упатување на судија од ставот (9) на овој член го врши Судскиот совет на Република Македонија и за тоа веднаш го известува претседателот на судот од кој се упатува и претседателот на судот во кој времено се упатува судијата.

(11) Против одлуката од ставовите (4), (7) и (8) на овој член судијата може да вложи приговор во рок од три дена до општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, кој е должен да одлучи по приговорот во рок од седум дена.

(12) Против одлуките на ставот (9) од овој член судијата може да вложи приговор во рок од три дена до Судскиот совет на Република Македонија, кој е должен да одлучи по приговорот во рок од седум дена. Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија е конечна.

Член 40

Во случај на укинување или реорганизирање на суд, Судскиот совет на Република Македонија ќе го распореди судијата на тој суд во друг суд во ист или понизок степен.

## 1. Избор на судии и судии-поротници

Член 41

(1) Судиите и претседателите на судовите ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија под услови и во постапка утврдени со закон.

(2) Изборот, односно разрешувањето на судиите и на претседателите на судовите, Судскиот совет на Република Македонија го објавува во "Службен весник на Република Македонија" во рок од 15 дена од денот на извршениот избор, односно разрешување.

Член 42

Судиите-поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија, под услови и во постапка определени со закон.

Член 43

(1) При изборот на судии и судии-поротници не смее да се врши дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

(2) При изборот на судии и судии-поротници без да се нарушат критериумите пропишани со закон, ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.



www.pravdiko.com

(3) За судија или судија-поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судијата-поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Член 44

(1) Судскиот совет на Република Македонија со одлука го определува бројот на судиите во секој суд, а по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и мислење од седницата на судиите на соодветниот суд.

(2) Судскиот совет на Република Македонија по предлог на седниците на основните и апелационите судови со одлука го определува бројот на судиите поротници во секој суд.

(3) Одлуките од ставовите (1) и (2) на овој член се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Член 45

За судија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови: -

да е државјанин на Република Македонија,

- активно да го владее македонскиот јазик,

- да е работоспособен и да има општа здравствена способност,

- да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од правен факултет од странство и

- да има положено правосуден испит во Република Македонија.

Член 46

(1) Посебни услови за избор на судија се:

- за судија на основен суд може да биде избрано лице кое ја завршило обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители,

- за судија на апелационен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку пет години судиски стаж со потврдени резултати во работата или осум години стаж на правни работи по положен правосуден испит,

- за судија на Управниот суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку пет години во суд со потврдени резултати во работата, или осум години стаж по положен правосуден испит, на правни работи, или е универзитетски професор од областа на правото со научен степен доктор на правни науки и

- за судија на Врховниот суд на Република Македонија, може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку осум години судиски стаж со потврдени резултати во работата или 12 години работно искуство со потврдени резултати на правни работи по положен правосуден испит.

(2) За судија на Врховниот суд на Република Македонија може да биде избран и редовен или вонреден универзитетски професор кој предавал повеќе од десет години правен предмет сврзан со судската практика.

Член 47

(1) Претседател на суд се избира од редот на судиите на Република Македонија, под услови, во постапка и на начин како што се врши избор за судија во соодветниот суд. Претседателот на судот се избира за време од четири години, со можност повторно да биде избран на истата функција уште четири години.



www.pravdiko.com

(2) Претседателот на судот има статус и функција на прв судија на соодветниот суд.

(3) Кандидатот за претседател на суд кон пријавата и другите документи приложува програма за работа во текот на мандатот.

(4) Претседателот на судот кој нема повторно да биде избран на истата функција продолжува да работи како судија во судот во кој претходно ја вршел судиската функција.

Член 48

(1) За судија-поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Македонија со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години.

(2) Судијата-поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието на младите.

Член 49

Судија-поротник се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

Член 50

(1) Пред стапувањето на должност судијата и судијата-поротник дава свечена изјава, која гласи:

„Изјавувам и се колнам дека во вршењето на судиската функција ќе ги почитувам Уставот на Република Македонија, законите, и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија, дека ќе судам законито, чесно, совесно, независно и одговорно, и дека ќе ги заштитувам слободите и правата на човекот и граѓанинот".

(2) Кога дава свечена изјава судијата носи тога. Судијата свечената изјава ја дава поединечно пред Судскиот совет на Република Македонија.

(3) Судиите-поротници свечената изјава ја даваат пред претседателот на судот во кој се избрани.

(4) Судијата и судијата-поротник свечената изјава ја даваат на македонски јазик и ја потпишуваат на македонски јазик и на неговото кирилско писмо.

(5) При избор на судија и судија-поротник во судот кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, судијата и судијата-поротник припадник на таа заедница, свечаната изјава ја даваат на македонски јазик, а ја потпишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница.

(6) Примерок од свечената изјава му се дава на новоизбраниот судија и судијатапоротник.

## IV. ПРАВА, ОБВРСКИ И ИМУНИТЕТ

Член 51

Судиите можат да основаат здруженија заради остварување на своите права и интереси, унапредување на професионалното усовршување и заради заштита на независноста и самостојноста на судиската функција.



www.pravdiko.com

Член 52

(1) Судиската функција е неспојлива со функцијата пратеник, односно член на совет на општина односно градот Скопје и со функциите во државните органи, општината и градот Скопје.

(2) Судијата не може да врши каква и да е друга јавна функција или професија, освен функција определена со закон, а која не е во спротивност со нивната независност и самостојност во вршење на судиската функција.

(3) Судијата не може да биде член на управен или надзорен одбор на трговско друштво или друго правно лице кое е основано заради стекнување на добивка.

(4) Судијата може да биде едукатор или да држи предавања на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и на високообразовна институција и да учествува во определени научни проекти.

(5) За вршење на активности во високообразовна институција согласност дава Судскиот совет на Република Македонија.

(6) Судијата не смее да членува и да врши политичка функција во политичка партија или да остварува партиска и политичка активност.

Член 53

(1) Ако судијата е именуван или избран за член на Судскиот совет на Република Македонија или за судија на меѓународен суд, судија на Уставен суд или директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, судиската функција му мирува за времето додека ја врши должноста за која е именуван, односно избран.

(2) По истекот на мандатот за кој е именуван, судијата има право да се врати во судот од кој заминал на вршење на другата должност.

Член 54

Судијата има право и обврска на постојано стручно усовршување за време на траење на судиската функција согласно со закон.

Член 55

(1) Судијата има судска легитимација, која ја издава и одзема Судскиот совет на Република Македонија.

(2) Судскиот совет на Република Македонија со акт ги пропишува формата и содржината на образецот на судската легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање .

Член 56

(1) Посебни права на судијата во вршењето на судиската функција се:

- да може да влегува и да има слободен премин на станиците, аеродромите, пристаништата, само со покажување на судската легитимација,

- да има право на службена дозвола за носење оружје и набавка на соодветна муниција,

- бесплатно да го употребува јавниот, сувоземниот или езерскиот сообраќај на судското подрачје во кое се извршува судиската функција, во случаите на службена потреба и во случајот од членот 39 на овој закон,

- да има посебна заштита на неговата личност, на семејството и имотот, по негово барање или по барање на претседателот на судот до полицијата во местото на живеење, секогаш кога за тоа постојат сериозни причини за неговата безбедност и

- да има службена патна исправа.



www.pravdiko.com

(2) За посебните права од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, поблиски прописи донесува Министерството за правда.

(3) Посебните права од ставот (1) алинеја 4 се однесуваат и за судија во пензија.

Член 57

(1) Судијата кога суди е должен да носи посебна судиска облека (ТОГА) со која се издвојува од другите учесници во постапката.

(2) Актот за изгледот и условите под кои се носи судиската облека од ставот (1) на овој член го донесува министерот за правда.

Член 58

Судијата во врска со вршењето на судиската функција не смее да прима подароци или да користи други погодности и олеснувања во вршењето на судиската функција.

Член 59

Судиите ги уживаат сите права од работен однос што им припаѓаат според закон.

Член 60

(1) Висината на платата на судијата се утврдува во зависност од: -
видот на судот,
- специјализираниот судски оддел ( видот на предмети по кои постапува),
- внатрешните должности во судот (претседател на: суд, оддел, одделение и совет), -
судискиот стаж,
- научно- стручните звања и специјализација и
- постигнатите резултати во вршењето на судиската функција.

(2) Судиската плата во време на траење на судиската функција не смее да се намали, освен во случаи определени со закон.

(3) Висината на судиската плата се определува на начин што на судијата му обезбедува заштита од притисоци и влијанија при неговото постапување и одлучување.

(4) Платите и другите надоместоци на судиите се уредуваат со закон.

Член 61

(1) Кога судијата, по потреба на службата, времено е упатен судиската функција да ја врши надвор од местото на живеење, има право на надоместок за зголемени трошоци за неговото домување или надоместок на трошоци за превоз.

(2) Судијата има право на надоместок за селидбени трошоци во случај од ставот (1) на овој член за него или за неговото семејство, како и на надоместок во случаите кога е избран или распореден во друг суд.

(3) Министерот за правда со подзаконски акт ја утврдува висината и начинот на исплата на надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 62

(1) Судијата кој нема сопствен стан во седиштето на судот, има право на користење на соодветен службен стан.



www.pravdiko.com

(2) До остварувањето на правото од ставот (1) на овој член, судијата има право на надоместок на реални патни трошоци.

Член 63

За правата од членовите 61 и 62 на овој закон по барање на судијата, одлучува Судскиот буџетски совет.

Член 64

(1) Судиите-поротници имаат право на надоместок за вршење на работите на судијапоротник.

(2) Министерот за правда донесува поблиски прописи за надоместоците на судиитепоротници.

Член 65

(1) Судиите во вршењето на судиската функција уживаат имунитет.

(2) Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судската одлука.

(3) Судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет на Република Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

(4) За одземање на имунитетот на судиите одлучува Судскиот совет на Република Македонија.

(5) Постапката за одлучување за одземање на имунитетот на судијата е итна.

Член 66

Судија-поротник не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки.

Член 67

(1) Судијата се оддалечува од вршењето на судиската функција за време додека се наоѓа во притвор.

(2) Судијата може да биде оддалечен од вршењето на судиската функција за време додека трае истрагата за кривично дело, или кога е поведена дисциплинска постапка или постапка за негово разрешување.

(3) Одлука за оддалечување на судијата од судиската функција во случајот од ставовите (1) и (2) на овој член донесува Судскиот совет на Република Македонија.

Член 68

(1) Претставките во врска со вршењето на судиската функција мораат да бидат разгледувани брзо и правично и без јавност на постапката од страна на органите до кои се поднесени.

(2) Судијата против кого е поднесена претставката има право на одговор.

Член 69

Против судија или судија-поротник не може да се води постапка за надоместок на штета или друга постапка од страна на странка која е незадоволна од одлуката на судијата.



www.pravdiko.com

Член 70

(1) За штета што судијата или судијата-поротник во вршењето на функцијата ќе им ја причини на граѓани или на правни лица со незаконита работа е одговорна Република Македонија.

(2) Кога штетата од ставот (1) на овој член е сторена со груба и неопростива повреда на законот, поради која се поведува постапка за разрешување, Република Македонија по пат на тужба може да бара од судијата враќање на износот на исплатената штета од ставот (1) во висина што ќе ја утврди судот согласно со начелото на правичност.

Член 71

(1) Судска стипендија се доделува на судија за постдипломски студии на право и за специјалистички студии на право во државата, или во странство, односно за стручно оспособување на некое друго стручно подрачје кое е поврзано со судиската работа, а не може да се оствари во рамките на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

(2) Средствата за судска стипендија се обезбедуваат од Судскиот буџет.

Член 72

(1) Годишните одмори во судовите траат од 15 јули до 1 септември.

(2) За време на годишните одмори во судовите од прв степен се извршуваат само нужни работи, и тоа: истраги и судења во кривични предмети кога обвинетиот е во притвор и во кривични предмети на странките кои не живеат во Република Македонија; предмети за примена на времени мерки; менична тужба; спорови за објавување на исправка на објавена информација; прекршочни предмети од итна природа; вонпарнични и извршни предмети во врска со воспитувањето и заштитата на децата и обврски по предметите за издршка што произлегуваат од закон; регистрации на политички партии, вонпарнични предмети за задржување на лица во здравствена установа; попис на имотот на оставителот, составување на тестаменти, прием на поднесоци и други работи што се врзани со законски преклузивни рокови.

(3) За време на годишните одмори, во апелационите судови се постапува по жалби на одлуките по предметите од ставот (2) на овој член, и по предмети по кои се суди на нејавни седници.

(4) Освен за работите од ставовите (2) и (3) на овој член, времето од ставот (1) на овој член се смета за време кога судот не работи.

(5) Судијата има право на годишен одмор во траење од 26 работни дена.

## V. ПРЕСТАНОК И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД СУДИСКА ФУНКЦИЈА

### 1. Престанок на судиската функција

Член 73

(1) На судијата му престанува судиската функција, ако: - тоа сам го побара,

- трајно ја загуби способноста за вршење на судиската функција, што го утврдува Судскиот совет на Република Македонија,

- ги исполни условите за старосна пензија,

- биде избран или именуван на друга јавна функција, освен кога судиската функција мирува под услови утврдени со закон и

- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца.

(2) Судскиот совет на Република Македонија во случаите од ставот (1) на овој член, утврдува престанок на судиската функција.

(3) Со денот на престанокот на судиската функција што го утврдува Судскиот совет на Република Македонија по основите од ставот (1) на овој член на судијата му престанува правото на плата.

## 2. Разрешување на судија

Член 74

(1) Судијата се разрешува од судиската функција:

- поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишана со закон и

- поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон.

(2) Одлука за разрешување на судијата донесува Судскиот совет на Република Македонија.

(3) Со денот на разрешување на судијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија според основите од ставот (1) на овој член на судијата му престанува правото на плата.

## 3. Нестручно и несовесно вршење на судиската функција

Член 75

(1) Под нестручно и несовесно вршење на судиската функција се подразбира незадоволителна стручност или несовесност на судијата што влијае на квалитетот и ажурноста во работењето, и тоа:

- доколку две години по ред Судскиот совет на Република Македонија оцени дека судијата покажува незадоволителни резултати, особено преку ненавремено донесување на судските одлуки, неефикасно и неажурно водење на судската постапка, број на потврдени, преиначени и укинати судски одлуки,

- несовесно, ненавремено или немарно вршење на судската функција во водењето на судската постапка по одделни предмети,

- пристрасно водење на судската постапка особено во однос на еднаквиот третман на странките,

- постапување со предметите спротивно на начелото за судење во разумен рок, односно одолжување на судската постапка без постоење на законски основ,

- неовластено издавање на класифицирани информации,

- јавно изнесување на информации и податоци за судски предмети за кои не е правосилно одлучено,

- намерно повредување на правилата за правично судење,

- злоупотребување на положбата или пречекорување на службените овластувања,

- повреда на прописите или на друг начин нарушување на независноста на судиите при судење и

- грубо повредување на правилата на Судискиот кодекс со кој се нарушува угледот на судиската функција.

### 4. Потешка дисциплинска повреда

Член 76

Потешка дисциплинска повреда за која се поведува постапка за дисциплинска одговорност на судија за разрешување, се смета:

1) потешка повреда на јавниот ред и мир со која се нарушува неговиот углед и угледот на судот;

2) потешка повреда на правата на странките и на другите учесници во постапката со што се нарушува угледот на судот и судиската функција и

3) повреда на начелото на недискриминација по кој било основ.

Член 77

Како дисциплинска повреда за која се поведува дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија за која може да се изрече дисциплинска мерка се смета:

1) кршење на определениот редослед за постапување по предметите;

2) оневозможување на вршење надзор над судиската работа од страна на повисокиот суд;

3) непристојно и недостојно однесување на јавни места;

4) неносење судска тога;

5) примање подароци и други користи во врска со судиската работа;

6) партиски и политички активности (член 52 став (6));

7) вршење на друга јавна функција, работа или дејност која не е спојлива со вршењето на судиската функција (член 52 ставови (1), (2) и (3));

8) предизвикување на потешко нарушување на односите во судот кои значително влијаат врз вршењето на судиската функција;

9) неисполнување на менторски задолженија и стручно оспособување на соработниците;

10) потешка повреда на правата за отсуство од работа;

11) неисполнување на должноста за стручно образование и

12) непостигање на очекувани резултати во работата повеќе од осум месеца едноподруго без оправдани причини.

### 5. Дисциплински мерки

Член 78

За утврдена дисциплинска повреда на судија, Советот може да изрече една од следниве дисциплински мерки:

- писмена опомена,
- јавен укор и
- намалување на платата во висина од 15 % до 30 % од месечната плата на судија во траење од еден до шест месеца.

Член 79

(1) Претседател на суд се разрешува од функција претседател, кога Судскиот совет на Република Македонија во постапка ќе утврди исполнување на некои од следниве основи:

- злоупотреба на положбата и пречекорување на службените овластувања,

- незаконско и ненаменско располагање со финансиските средства на судот,

- неизвршување или ненавремено извршување на работите на судската управа,

- влијаење врз независноста на судиите во врска со одлучувањето по одделни предмети,

- предизвикува потешко нарушување на односите во судот кои значително влијаат врз работењето на судот,

- повреда на правилата во врска со распределба на предметите и -

неисполнување на програмата за работа.

(2) Во случај на полесен облик на повреда на основите од ставот (1) на овој член на претседателот на судот може да му биде изречена дисциплинска мерка.

Член 80

(1) На судијата-поротник му престанува функцијата:

1) ако тоа сам го побара;

2) ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста судија- поротник;

3) ако е осуден за кривично дело на казна затвор од најмалку шест месеца;

4) ако неуредно или несовесно ја врши должноста на судија-поротник и

5) со навршување на 60 години старост.

(2) Постапката за престанок на функцијата на судијата-поротник ја води Судскиот совет на Република Македонија по предлог на претседателот на судот.

Член 81

Кога против судијата-поротник се спроведува истрага или е поведена постапка за престанок на функцијата, претседателот на судот нема да го повика да ја врши функцијата судија-поротник.

## VI. ПРАВОСУДНА УПРАВА

Член 82

(1) Работите на правосудната управа ги врши Министерството за правда.

(2) За вршење на работите на правосудната управа, Министерството за правда комуницира со претседателот на соодветниот суд.

Член 83

Во делокругот на правосудната управа спаѓа обезбедувањето општи услови за вршење на судската власт, а посебно подготвување на закони и други прописи од областа на организацијата и работењето на судовите и постапката пред судовите, донесување на судски деловник, грижа за образованието и стручното усовршување на кадрите, обезбедување материјални, финансиски, безбедносни, просторни и други услови за работа на судовите, вршење на работите од меѓународната правна помош, извршување на казните изречени за казниви дела, прибирање статистички и други податоци за работата на судовите, надзор над ажурното вршење на работите во судот и спроведување на судскиот деловник, надзор над спроведувањето на прописите за судски депозити и гаранции, испитување на претставките и поплаките на граѓаните за работата на судовите кои се однесуваат на одолжување на судската постапка или на работата на судските служби, како и други управни задачи и работи определени со закон.



www.pravdiko.com

Член 84

(1) Министерот за правда донесува Судски деловник, по претходно мислење на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Со Судскиот деловник се уредува внатрешната организација на судовите, начинот на работењето на судовите, водењето на уписниците и други книги, постапувањето со списите, обрасците, работата по меѓународната правна помош и постапувањето по претставките, повикувањето и распоредувањето на судиите-поротници, поставувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи и вешти лица, водење статистика и евиденција и стручното усовршување на кадрите, правилата за посебните ознаки на судските возила, информатичкиот систем во судовите, како и други прашања од значење за работата на судовите.

(3) Министерството за правда врши надзор во врска со примената на Судскиот деловник.

Член 85

(1) Министерот за правда со решение поставува судски преведувачи и води именик.

(2) Услови што треба да ги исполнува кандидатот за поставување судски преведувач се:

- да има државјанство на Република Македонија, -

активно да го владее македонскиот јазик,

- да има високо образование,

- да има уверение за активно владеење на странскиот јазик и

- да има живеалиште, односно престојувалиште на подрачјето на судот за коешто бара да биде поставен за судски преведувач.

Член 86

(1) Министерството за правда води Судски изборен именик, води евиденција за судската полиција, за судските преведувачи и толкувачи и за вешти лица.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член содржи податоци за името и презимето, датумот и местото на раѓање, националноста, местото на живеење, образованието, видот на образованието, стручниот назив, познавањето странски јазици, како и други податоци определени со закон.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член судовите му ги доставуваат на Министерството за правда на начин пропишан од министерот за правда.

(4) Податоците запишани во евиденцијата можат да се користат само за спроведување на овој закон, како и законите со кои се утврдуваат правата, должностите и одговорностите на судиите и другите вработени во судот и со нив се постапува согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Член 87

Лицето чии податоци се запишани во евиденцијата има право да бара увид во податоците што се однесуваат на него и да бара исправка ако тие не се точни.



www.pravdiko.com

## VII. СУДСКА УПРАВА

### Член 88

(1) Претседателот на судот го претставува судот, ја организира работата и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот.

(2) Претседателот на судот ја обезбедува примената на Судскиот деловник.

(3) Претседателот на судот го утврдува распоредот на работите во судот по претходно прибавено мислење од седницата на судиите и општата седница на Врховниот суд.

(4) Со годишниот распоред за работа од редот на судиите се определува заменик на претседателот на судот.

(5) Со годишниот распоред за работа од редот на судиите се определуваат претседатели на специјализирани судски одделенија и нивни заменици, и претседатели на судски оддели и судски совети.

### Член 89

Во случај на престанок на мандатот на претседателот на судот, до избор на нов претседател на судот функцијата вршител на должноста претседател на суд ќе ја врши заменикот на претседателот на судот.

### Член 90

За вршење на определени управни, финансиски, оперативни, манипулативни и помошни работи и задачи за повеќе судови во исто место можат да се основаат заеднички служби или да се определат работници кои ќе вршат заеднички работи и задачи.

### Член 91

(1) Во судовите во кои се основаат специјализирани судски оддели се распоредуваат судиите според нивната специјализација во правната област.

(2) Со работата на специјализираниот судски оддел раководи претседателот на одделот.

(3) На седницата на специјализираниот судски оддел се разгледуваат прашања од интерес за работата на сите совети, односно судии што се во состав на одделот, особено во однос на примената на законите во соодветни области, уедначување на судската практика и унапредување на методот на работата.

(4) Седница на специјализиран судски оддел свикуваат претседателите на одделите по своја иницијатива или по барање на судиите на одделот или на претседателот на судот кога ќе се утврди дека особено во примената на законот постои неусогласеност меѓу одделни совети во одделот.

### Член 92

(1) Седницата на судиите ја сочинуваат сите судии во судот.

(2) На седница на судиите се разгледуваат прашања од општо значење за работата на судот, се утврдува програма за работа и се дава мислење за годишниот распоред за работата на судиите и се разгледува годишниот извештај за работата на судот и на Судскиот совет.

(3) Претседателот на судот може на седницата на судиите да покани и судиипоротници кога се разгледуваат прашања што се однесуваат на учеството на судиитепоротници во судењето.



www.pravdiko.com

Член 93

(1) На судските службеници во судот, претседателот на судот им издава службени легитимации.

(2) Министерот за правда со правилник ги пропишува формата и содржината на образецот и начинот за издавање и одземање на службена легитимација од ставот (1) на овој член.

Член 94

(1) Судиите, судиите поротници, вишите судски советници, самостојни судски советници, судски советници, стручни соработници, судски приправници, судските вешти лица, толкувачите, преведувачите и другите лица кои учествуваат во постапката и надвор од неа, должни се да ја чуваат од неовластено откривање класифицираната информација со соодветен степен на тајност утврдена согласно со закон, без оглед како ја дознале.

(2) Обврската за чување на класифицираната информација од неовластено откривање трае согласно со закон.

Член 95

(1) Претседателот на судот може судијата или другите лица од членот 94 став (1) на овој закон да ги ослободи од обврската за чување на класифицирана информација со соодветен степен на тајност, утврдена согласно со закон.

(2) За ослободување од обврската за чување на класифицирана информација со соодветен степен на заштита, за претседателот на судот од понизок степен одлука донесува претседателот на непосредно повисокиот суд, а за претседателот на Врховниот суд на Република Македонија општата седница на тој суд, согласно со закон.

Член 96

(1) Поради природата на работата во судовите се организираат дежурства за ефикасно извршување на судиската функција.

(2) Распоредот и времетраењето на дежурствата ги донесува претседателот на судот за секој месец. За извршеното дежурство се плаќа надоместок. Со акт на министерот за правда се утврдува висината на надоместокот за дежурствата.

Член 97

(1) Информации за јавноста преку средствата за јавно информирање за работата на судот, како и информации за текот на постапката по конкретен предмет, дава претседателот на судот или судија по негово овластување.

(2) Претседателот на судот и судијата од ставот (1) на овој член даваат информации за јавноста водејќи сметка со тоа да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста и ако тоа не е на штета на независноста и самостојноста на судот.

(3) Во секој суд на јавно и видно место секојдневно се објавуваат податоци за бројот на предметот, судијата, датумот, часот и судницата во која се води расправата.

(4) Секој суд најмалку еднаш годишно јавно ја информира јавноста за резултатите од работата на судот и судиите.

(5) Странките и другите учесници во постапката што е во тек не смеат да даваат информации и оцена за текот, водењето и исходот на постапката, доколку судот забранил да се даваат такви информации.


www.pravdiko.com

**Работа на судот во услови на штрајк**

Член 98

(1) За време на штрајк на службениците во судот се извршуваат работите во врска со закажаните расправи и рочишта, односно со јавните седници за донесување и доставување на сите одлуки во законскиот рок.

(2) Во постапките за кои со закон е утврдено дека се итни, односно за работите кои според закон и според природата на работите се нужни, судот е должен да работи и за време на штрајк.

VIII. СУДСКИ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

Член 99

(1) Во Врховниот суд на Република Македонија се формира центар за информатика со база на податоци за Судскиот информатички систем.

(2) Судовите имаат служби за информатика, како посебни организациони единици.

(3) Со центарот, односно службата за информатика раководи претседателот на судот или од него определен судија.

(4) Министерството за правда обезбедува поставување, одржување и функционирање на информатичкиот систем врз единствената методолошка и технолошка основа.

(5) Во Министерството за правда се воспоставува единствен информатички центар со база на податоци за сите правосудни органи.

(6) Министерот за правда со подзаконски акт го определува начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите од ставовите (1) и (5) на овој член.

IX. СУДСКА СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 100

(1) Судот кој има повеќе од седум судии има секретар.

(2) Секретарот на судот раководи со судската стручна служба и е одговорен за остварување и вршење на стручните и административно техничките работи во судот.

(3) Секретарот на судот му помага на претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа.

(4) Секретар може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, способност за вршење на задачи од раководен карактер и организаторски способности, со положен правосуден испит и со најмалку пет години работно искуство по полагањето на правосудниот испит за секретар на основен суд, осум години за секретар на апелационен и на Управниот суд на Македонија.

(5) Врховниот суд на Република Македонија и Управниот суд имаат генерален секретар. Генералниот секретар може да биде лице кое ги исполнува условите од ставот (4) на овој член со најмалку осум години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.



www.pravdiko.com

Член 101

(1) Во судовите во зависност од обемот на работа на судот се вработуваат определен број виши судски советници, самостојни судски советници, судски советници, стручни соработници, судски приправници, така што секој судија има најмалку еден судски службеник од наведените звања.

(2) Во судовите се вработуваат определен број работници за вршење на стручни, административни, технички и други работи во зависност од обемот на работата и потребите на судот.

(3) При вработувањето на лицата од ставовите (1) и (2) на овој член, без да се нарушат критериумите пропишани со закон, ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Член 102

(1) Виш судски советник во основен суд може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во орган на државната управа, со положен правосуден испит и со најмалку пет години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.

(2) Виш судски советник во апелационен суд и Управниот суд може да биде дипломиран правник кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член со најмалку осум години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.

(3) Во Врховниот суд на Република Македонија виш судски советник може да биде дипломиран правник кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член со најмалку десет години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.

Член 103

(1) Самостоен судски советник во основен суд може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во орган на државната управа, со положен правосуден испит и со најмалку три години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.

(2) Самостоен судски советник во апелационен и Управниот суд може да биде лице дипломиран правник кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член со најмалку шест години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.

(3) Во Врховниот суд на Република Македонија самостоен судски советник може да биде лице дипломиран правник кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член со најмалку осум години работа на правни работи по полагањето на правосудниот испит.

Член 104

Судски советник во суд може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во орган на државната управа и има најмалку две години стаж по положениот правосуден испит.

Член 105

Стручен соработник може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во орган на државната управа со положен правосуден испит.



www.pravdiko.com

Член 106

(1) Судски приправник може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во орган на државната управа.

(2) Судските приправници се вработуваат во судовите од прв степен и се распоредуваат на вршење работи и задачи заради стекнување на практиката во сите области на судската работа.

(3) По положениот правосуден испит судскиот приправник се распоредува на вршење работи на стручен соработник, според актот за систематизација.

(4) На судскиот приправник кој по истекот на приправничкиот стаж, во рок од две години не го положи правосудниот испит му престанува својството на приправник во судот.

Член 107

Одлука за бројот и за работните задачи на вишите судски советници, самостојните судски советници, судските советници, стручните соработници, судските приправници и другите работници донесува претседателот на судот врз основа на критериумите утврдени од Судскиот буџетски совет.

## X. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 108

Средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со "Судска власт".

Член 109

(1) Висината на платите и другите надоместоци на судиите во судовите се определуваат со закон.

(2) Висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор.

(3) Платите и другите надоместоци, како и оружјето, опремата и униформата на припадниците на судската полиција се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија означен со "Судска власт."

## XI. СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Член 110

Обезбедувањето на објектите, имотот, лицата и одржувањето на редот во судот го врши судската полиција.

Член 111

(1) Полицијата не може да влезе во судскиот простор.

(2) Полицијата може да влезе и да се задржи во судскиот простор само кога приведува или обезбедува лице. Полицијата ќе се задржи во судскиот простор по барање на судијата за време кое е неопходно за обезбедување на лицето.

(3) Полицијата може да влезе во судскиот простор на повик на претседателот на судот или судија во случај на негово отсуство, заради спречување на кривично дело или кога тоа неодложно е потребно заради спречување на општа опасност.



www.pravdiko.com

Член 112

(1) За вршење на работите од судската полиција може да биде примено лице кое, покрај општите услови за засновање на работен однос, треба да ги исполнува и следниве услови:

1) да не е постаро од 25 години, ако првпат се вработува;

2) да е физички и психички способно за вршење на работите од судската полиција и

3) да има завршено најмалку IV степен на стручна подготовка.

(2) Проверката на условите за примање и примањето на работа го врши Министерството за правда и притоа, без да се нарушат критериумите пропишани со закон, ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

(3) Министерот за правда со одлука го утврдува бројот на лицата за вршење на работи на судската полиција во секој суд.

Член 113

(1) Во судовите со судската полиција раководи претседателот на судот.

(2) Со судската полиција непосредно командува командир на судската полиција кој постапува според насоките и упатствата на претседателот на судот, и тој има заменик.

(3) Командир, односно заменик командир на судска полиција може да биде лице кое, покрај условите од членот 112 на овој закон, ги исполнува и следниве услови:

- да има VII степен соодветно високо образование и

- да има најмалку една година работно искуство како припадник на судска полиција.

(4) Командирот, односно заменик командирот на судска полиција ги назначува претседателот на судот од редот на припадниците на судската полиција.

Член 114

Припадниците на судската полиција носат пропишана униформа со ознака на звањето и со други посебни ознаки и се вооружени согласно со прописите за вршењето на службата.

Член 115

(1) При вршење на службени работи, припадниците на судската полиција можат да употребат огнено оружје во судот и околу судот, во следниве случаи:

1) да го заштитат животот на присутните во судот;

2) да спречат бегство на лице затечено во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност и ако постојат основи на сомнение дека ќе употреби огнено оружје во судот и околу судот;

3) да одбијат од себе непосреден противправен напад со кој се загрозува нивниот живот и

4) да одбијат напад на судот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, припадниците на судската полиција ќе употребат огнено оружје само ако со употреба на физичка сила, гумена палка или други средства на присилба не можат да ја обезбедат службената работа.

Член 116

Ако средствата за присилба и огнено оружје се употребени во границите на овластувањето, исклучена е одговорноста на припадникот на судската полиција што го употребил средството или огненото оружје.



www.pravdiko.com

Член 117

(1) Поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат од припадниците на судската полиција, износот на средствата наменети за плата за тие работни задачи се зголемуваат до 20% .

(2) На припадниците на судската полиција им се исплаќа надоместок за ноќна работа и прекувремена работа согласно со закон и колективен договор.

Член 118

(1) Владата на Република Македонија донесува прописи за вооружувањето и опремата на судската полиција, за звањата и условите за стекнување на звањата, ознаките за звањата и униформата.

(2) Се овластува министерот за правда да ги донесе прописите за:

- правилата на вршење на работите на судската полиција,
- употребата на огнено оружје, гумена палка и други средства на присилба,
- времето на траење на облеката, чевлите и посебно личната опрема,
- психофизичките способности што треба да ги поседуваат лицата кои се примаат на работа и
- материјалното работење со предметите на вооружувањето и посебната лична опрема и внатрешните односи во судската полиција.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 119

(1) Судиите избрани пред влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат со вршењето на судиската функција.

(2) Судскиот совет на Република Македонија најдоцна во рок од 30 дена од денот на примената на овој закон, ќе донесе одлука за бројот на судиите во основниот суд Скопје I - Скопје и основниот суд Скопје II - Скопје.

(3) Прераспоредувањето на судиите во судовите од ставот (2) на овој член ќе го изврши Судскиот совет на Република Македонија најдоцна во рок од три месеца од донесувањето на одлуката од ставот (2) на овој член, согласно со одредбите од овој закон, водејќи сметка за специјализацијата на судиите по кривична и граѓанска материја.

Член 120

Почетокот со работа и пренесувањето на предметите од Врховниот суд на Република Македонија на Управниот суд ќе се изврши согласно одредбите на Законот за управните спорови.

Член 121

Министерството за правда ќе обезбеди просторни услови за функционирање на Управниот суд.

Член 122

Специјализираните судски одделенија за судење на дела од областа на организираниот криминал и специјализираните судски оддели на судовите ќе се формираат во рок од 90 дена од денот на примената на овој закон.



www.pravdiko.com

Член 123

Прераспоредувањето и пренесувањето на предметите од еден во друг суд според надлежностите утврдени со овој закон, ќе се изврши најдоцна во рок од 120 дена од денот на примената на овој закон, согласно со Упатството за начинот на преземање на предметите, што го донесува министерот за правда во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 124

(1) На денот на почетокот на примената на овој закон, првостепените предмети по кои постапката не е започната се преземаат од страна на стварно и месно надлежниот суд согласно со одредбите на овој закон.

(2) Започнатите предмети по кои е донесена првостепена одлука ги завршуваат постојните стварно и месно надлежни судови.

(3) Предметите кои по повод жалба се вратени на повторно одлучување се преземаат од страна на стварно и месно надлежните судови согласно со овој закон.

Член 125

(1) До донесување на судски деловник според одредбите на овој закон, продолжува да се применува постојниот судски деловник доколку не е во спротивност со одредбите на овој закон.

(2) Подзаконските акти за чие донесување е овластен министерот за правда според одредбите на овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на примената на овој закон.

(3) До донесувањето на подзаконските акти од ставот (2) на овој член, продолжуваат да се применуваат подзаконските акти донесени пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 126

(1) До првото стекнување на својство на кандидати за судии согласно со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, судиите на основните судови ќе се избираат согласно со условите од членот 43 ставови (1) и (2) на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95, 45/95 и 64/2003).

(2) Во период од три години по денот на првото стекнување на својство на кандидати за судии согласно со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Судскиот совет 50 проценти од утврдените слободни судиски места за основните судови ќе ги пополнува со лица кои ги исполнуваат условите за судија на основен суд согласно со членот 43 ставови (1) и (2) од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95, 45/95 и 64/2003) и кои не ја посетувале почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Член 127

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95, 45/95 и 64/2003), освен одредбите на членот 43 ставови (1) и (2) од Законот кои ќе престанат да важат по истекот на рокот утврден во членот 126 на овој закон.



www.pravdiko.com

Член 128

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2007 година.



www.pravdiko.com